Светозар НАУМОВСКИ

# ПРИЛОГ ЗА МЕТОДИКАТА НА ИЗЛОЖУВАЊЕТО НА НАСТАВНИКОТ ПРИ ИЗУЧУВАЊЕ НОВ МАТЕРИЈАЛ ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

Воспитно-образовната работа е многу одговорна општествена активност поради високите цели кои ги остварува, како што се: облагородување на човекот, изградување сестрано развиени личности и образување кадри. Воспитно-образовната работа е невообичаено сложен процес во кој главен раководител, организатор и изведувач (реализатор) е наставникот-практичар. Од неговите стручни, дидактичко-методски и креативни способности зависи и успехот во воспитно-образовниот процес. Ова особено се однесува за наставата по историја, којашто многу повеќе од другите наставни предмети игра улога на поврзувач помеѓу минатото, сегашноста и иднината.

Во целокупната наставна работа, усното изложување на наставникот има пресудно значење, без кое и денес сè уште не може да се замисли изведувањето на наставниот процес. Што се однесува пак на наставата по историја, не може да се очекува ни минимален успех доколку наставникот по историја-практичар, покрај стручно-содржински, (се мисли на познавање на достигањата на историската наука) не е оспособен и на методско-дидактички план поврзано да го изнесува новиот наставен материјал, да формира јасни поими и со живиот збор да создаде соодветни претстави за историските настани и процеси и притоа да предизвика и соодветни емоции кај учениците.

Во практиката на наставата по историја наоѓаат функционална примена следните четири облици на усно изложување на наставникот, и тоа: раскажување (нарација), опишување (дескрипција), објаснување (експликација) и предавање.

Обликот на раскажување, односно нарацијата е еден од најмногу користените облици на усното изложување во наставата по историја, а се применува на часовите по историја, кога учениците треба да ги запознаеме со историски процеси и настани, историски движења и слично, а во исто време кај нив да се создадат (предизвикаат) и одредени емоции, коишто ќе придонесат тие (учениците) до извесен степен да ги "доживеат" историските процеси и настани кој се содржани во наставната единица, а за кои им раскажува (предава) наставникот по историја. За да успее наставникот по историја кај учениците да предизвика одредени

емоции и да создаде атмосфера мисловно да се соживеат со дадената историска ситуација, неговото раскажување мора да биде сликовито и емотивно. Така, и самиот наставник по историја-практичар треба да се "соживее" со историскиот процес или настан што е предмет на неговото раскажување. Со други зборови, наставникот по историја при користењето на овој облик на усно изложување раскажувањето треба да го ограничи на една одредена целина или историски процес, да наведе карактеристични и интересни детали со цел да го стимулира вниманието и интересот на учениците и да укаже на мотивот, односно причините што навеле одреден народ или историска личност да покрене таков историски чин. При користењето на раскажувањето како облик на усно изложување при предавање нов наставен материјал на часовите по историја, наставникот по историја-практичар треба почесто да го користи дијалошкиот наставен метод (метод на разговор). Наставникот треба да ги ползува предзнаењата на учениците, како на тие што ги стекнале при изучувањето на претходните наставни единици, така и на предзнаењата што тие (учениците) ги здобиле од разни други извори, како: читање стручна литература, весници и списанија, од радиоемисиите, ТВ-емисиите и од други медиуми. На тој начин часовите по историја нема да бидат монотони, ќе бидат интересни, а користените предзнаења на учениците ќе овозможат новиот наставен материјал да биде не само посодржински односно поцелосно (покомплетно) предаден, туку и подобро сфатен од учениците. Во исто време, на тие часови по историја и учениците ќе бидат позадоволни, бидејќи и тие ќе се почувствуваат активни и на некој начин рамноправни соучесници во реализацијата на новата наставна единица на часот. За да биде поуспешно раскажувањето на наставникот по историја, потребно е тој своето раскажување да го комбинира со другите облици на усно изложување.

Обликот на опишување (дескрипција) се користи кога на учениците треба што поверодостојно да им се опише односно да им се прикаже некој историски објект, општествената, економската и културната положба кај еден народ и држава во одреден период. Меѓутоа, употребата на обликот на опишувањето на наставата по историја не треба да се претвори во едноставно и сувопарно редење односно набројување податоци и факти, туку во содржината на интерпретацијата на наставникот по историја-практичар треба да бидат содржани и ставовите и гледиштата и на самиот наставник по однос на историското прашање кое е предмет на опишување на часот по историја. Со вешто комбинирање на обликот на опишување со обликот на раскажување, наставникот по историја може многу успешно да го реконструира историското минато пред учениците.

Обликот на објаснување се користи во наставата по историја кога наставникот треба да протолкува (објасни) непознати или помалку поз-

нати зборови и текстови, историски поими и закони, како и при оценување (давањето суд) на историските движења, настани и личности. Објаснувањето како облик на изложување на наставникот се применува во поголема или помала мера секојдневно, односно на сите часови по историја, и значително придонесува за олеснување на процесот на осознавањето и разбирањето на историските процеси кај учениците. Притоа, многу е значајно наставникот по историја-практичар да води сметка за психофизичките односно перцептивните можности на учениците и своето објаснување да го прилагоди на возраста на учениците. По даденото објаснување корисно е по пат на поставување прашања или некоја друга форма на комуникација наставникот-практичар да добие повратна информација, да провери дали учениците правилно го сфатиле неговото изложување (објаснување). И доколку наставникот утврди дека учениците не сфатиле правилно некој дел или објаснувањето во целост, треба да биде подготвен да им даде дополнителни објаснувања. Исто така, наставникот по историја-практичар треба да внимава, во рамките на интерпретацијата на своето предавање да не дава објаснувања за историските факти што на учениците им се веќе познати, или пак објаснувањата да не бидат долги и да не содржат многу податоци, честопати и од небитен односно маргинален карактер, со што непотребно ќе ги заморува.

Предавањето како облик на усно изложување се применува кога наставникот по историја-практичар сака наставниот материјал да го изложи по еден одреден систем, логичка структура и во еден континуитет прегледно и поврзано да ја изнесе содржината на некој историски материјал. Притоа, наставникот по историја треба со сигурност да претпостави дека ученичкиот аудиториум со своите перцептивни способности е во можност внимателно да го следи неговото изложување. Предавањето вообичаено трае цел час, а се применува со повозрасни ученици, обично во погорните класови на средното образование.

Усното изложување на наставникот по историја-практичар при изучувањето нови наставни содржини мора да биде на висина и да задоволи одредени барања (параметри), кои можеме да ги групираме во два дела, и тоа:

а) во стручно-содржински поглед, и

б) во поглед на формата (обликот).

Изложувањето на наставникот по историја во стручно-содржински поглед задолжително треба да биде одраз и во себе да ги содржи најновите достигнувања во историската наука, односно на нејзиното подрачје на кое се однесува содржината на наставната единица. Содржинските елементи на изложувањето на наставникот треба да бидат научно веродостојни. Исто така, изложувањето на наставникот не треба

да биде оптоварено со премногу детали или податоци, коишто имаат маргинално значење во однос на основната содржинска компонента во наставната единица. Во дидактичко-методски поглед, во усното изложување на наставникот треба да бидат застапени сите конструктивно-соодветни наставни облици и методи. Исто така, усното изложување на наставникот во стручно-содржински поглед треба да биде илустрирано (проследено) и со употреба на соодветни нагледни наставни средства. Во рамките на усното изложување, наставникот по историја неминовно треба да оперира и со одредени поими и термини, коишто треба внимателно да ги користи, исто така и да ги објаснува (толкува). Објаснувањето на овие поими и термини мора да биде во рамките на научните погледи за развојот на општеството. Неминовно е потребно наставникот да ги објасни на часот сите нови поими и термини, како тие што се наоѓаат во учебникот и историската читанка (се разбира ако не се објаснети во фуснотите на оваа литература), така и тие што во рамките на прашањата ќе ги наметнат учениците. Сите нови термини и поими наставникот треба да ги забележи на таблата, а учениците во тетратките за училишна работа по историја. Со своето живо и интересно изложување, наставникот по историја-практичар треба да ги одушеви учениците и да предизвика кај нив чувство на љубов спрема татковината и народните борци. Вниманието на учениците особено ќе биде привлечено од изложувањето на наставникот, ако тој на часот по историја изнесе конкретен пример во кој доаѓа до израз храброста на борците за слобода на својот народ.

Во поглед на формата (обликот), изложувањето на наставникот по историја-практичар, а особено раскажувањето и опишувањето мора да бидат прилагодени така што ќе дејствуваат на свеста на учениците за создавање јасни претстави за историските настани и процеси, да ги поттикнува на размислување, да им го олеснува сфаќањето на смислата и да ги активира нивните емоции. За да може да се постигнат вакви високи резултати во воспитно-образовниот процес во наставата по историја, усното изложување на наставникот по историја-практичар треба да ги содржи следните квалитетни параметри, и тоа:

1. Усното изложување треба да биде прилагодено, односно да одговара на возраста на учениците.

2. Говорот треба да биде граматички и стилски правилен (се мисли на литературниот јазик), реченициte да бидат кратки и јасни, а изговорот чист.

3. Раскажувањето и опишувањето на наставникот по историја мора да биде прегледно, поврзано, течно, лесно, богато со живи слики, пластично и нагледно, така што ученикот “да го гледа” пред себе тоа што го слуша; интонацијата на гласот, гестикулацијата и темпото на раскажувањето мора да бидат природни, да ѝ одговараат на содржината.

Така, не може со ист тон и израз да се изложуваат една комична и една трагична историска ситуација, смрт и веселба, победа и пораз на својот народ или пошироко. Грижата, болката, надежта, радоста, лутината, прекорот и други душевни состојби на лицата за кои се раскажува мора да дојдат до израз во гласот и акцентот на наставникот по историја-практичар. Така, при изложувањето, некои моменти од историјата наставникот ќе ги раскажува емоционално живо, а некои едноставно како да води разговор. На пример, за Пунските војни прво ќе зборува со мирен тон-раскажувачки, а штом ќе дојде до битката кај Кан или подготвувањето на Картагинците за одбрана на градот Картагина во Третата пунска војна кога настапило и нејзиното конечно уништување, го поткрева малку тонот и создава живот во раскажувањето. Друг пример. За ослободувањето на Крушево во Илинденското востание наставникот ќе раскажува живо и емоционално, а кога ќе зборува за уредувањето на Крушевската република го смирува тонот, кога ќе почне да зборува за битката на Мечкин Камен тој повторно го подигнува тонот. Тоа значи дека, за да биде успешно усното изложување на наставникот по историја-практичар, тој треба да умее уметнички, живо и емоционално да раскажува. Ако нема дарба за тоа, наставникот по историја треба упорно да работи (вежба), и совесно да се подготвува. Во обратен случај, ако изостанат потребните подготовки, ќе изостане и успехот во наставната работа.

4. При усното изложување на наставниот материјал, наставникот по историја-практичар не смее да дозволи да се занесе во своето раскажување и опишување и да заборави на учениците. Тој мора постојано да има предвид дека активниот однос на учениците спрема тоа што се изложува е основен услов за успех. Учениците не се пасивни кога наставникот изложува. Тие слушаат и настојуваат со помош на своите способности за перцептивно-мисловни претстави да ги сфатат новите содржини и да го запаметат изложеното, да ја воочат суштината и законитоста, да изведат заклучоци, да ја оценат историската епоха, движењата, настаните, ситуацијата и историските личности. Затоа во текот на своето изложување наставникот по историја мора да има најнепосреден контакт со учениците, да следи дали тие внимателно го слушаат изложувањето, како се прифаќа и разбира тоа, да проверува како учениците го сфаќаат неговото раскажување и опишување, и со самиот начин на изложувањето да ги поттикнува на активно учество во работата на часот. Тоа наставникот по историја-практичар ќе го постигне ако во текот на своето усно изложување на часот практикува да им даде можност и на самите ученици нешто усно да изложат. Вакви можности треба да им се даваат на учениците уште во основното училиште, а уште повеќе да се користат во средното образование. На овој начин на

учениците им се дава можност постепено да се осамостојуваат во обликувањето на своите мисли, како и да се оспособуваат да можат самостојно и убаво усно да излагаат. Кај нив се негува говорниот израз и културата на јазикот, се збогатува нивниот речник, се развиваат способностите за градење јазична конструкција и слично. Со други зборови, кај учениците се развиваат способности за самостојно, поврзано, убаво, течно, јасно усно и писмено изложување на нивните мисли и правилно толкување на историските поими, термини односно зборови. Нивото на усното изложување (изразување) на учениците зборува за достигнатиот степен на нивното образование по соодветниот наставен предмет, во случајов по предметот историја.

За секој час по историја, а особено за часовите на кои се изучува нов наставен материјал, наставникот по историја-практичар за своето усно предавање треба најодговорно, односно систематски да се подготви. Ова подготовка го опфаќа не само совладувањето на содржината што ќе ја изложува, туку и избирањето и увежбувањето најпогоден начин, односно облик на усното изложување на дотичната нова наставна содржина што наставникот по историја планирал да ја изнесе во главниот дел на часот.

На крајот би обрнале внимание на фактот дека и покрај своето големо значење и можности за примена, усното изложување на наставникот по историја не смее да стане единствен метод во неговата наставна работа. Треба да се чуваме од тоа, таа да не ги потисне во нашата наставна практика другите наставни методи, и целата наша наставна работа да не биде само вербална. Таквата настава би била вербално-формалистичка и дидактичко-методски неиздржана.

ЛИТЕРАТУРА:

- Златибор Поповиќ, Методика наставе историје, Београд, 1983.

- Јосип Демарин, Настава повијести у основној школи (Специјална дидидактика), Загреб, 1961.

- Радован Теодосиќ, Педагогика, Скопје, 1961.

- Д-р Љубомир Крнета, Милена Потконјак и д-р Никола Потконјак, Педагогија, Београд, 1965.

- Дамјан Лепчевски, Стручно-методски прилози за наставата по историја, Скопје, 1979.

- Д-р Светозар Наумоски, Методски прирачник за наставата по историја (Методика на наставата по историја), “Просветно дело”, Скопје, 1991.

- Д-р Никола Филиповиќ, Стваралаштво у настави, Сарајево, 1969.

- Божидар Ампов, Подготовка на наставата (Прирачник за наставници), Скопје, 1986.

- Д-р Воислав Кушевски, Устоличувањето на Госпосветското Поле - пример на работа со историски документ во I клас гимназија, "Историја", Скопје, 1970, бр. 2.

- Наум Димоски, Кредната илустрација во наставата по историја, "Историја", Скопје, 1972, бр. 2.

- Иван Маневски, Опременост и користење на наставните средства во наставата по историја во основните училишта, "Просветно дело", Скопје, 1979, бр. 1-2.

- Милан Стојкоски, Усвојување на поимите - услов за полесно совладување на материјалот, "Историја", Скопје, 1981, бр. 2.